Врз основа на член 58 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, а во врска со член 89 од Законот за банките, Надзорниот одбор на Банката го дава следното:

МИСЛЕЊЕ
за извештај на Друштвото за ревизија

Надзорниот одбор на Банката на ден 31.03.2023 година го разгледа Извештајот од извршената ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2023 година.

Ревизијата на финасиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје кои се состојат од Биланс на состојба на 31.12.2022 година и Билансот на успех, Извештај за сеопфатна добивка, Извештај за промените во капиталот и резервите и Извештај за паричниот тек за годината што завршува на 31.12.2022 година е извршена од страна на Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје.

Според мислењето на ревизорот, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје на 31 декември 2022 година, како и нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови во согласност со Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи издадена од страна на Народната банка на Република Северна Македонија.

Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, ревизијата ја изврши во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија.

Друштвото за ревизија даде и свое мислење и за Годишниот извештај на работењето на Банката со состојба на ден 31.12.2022 година, истакнувајќи дека податоците се конзистентни, од сите материјални аспекти, со податоците објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи  со состојба 31 декември 2022 година.

Надзорниот одбор на Банката смета дека Извештајот на независното ревизорско друштво, ја отсликува реалната состојба на работењето на Банката имјаќи ја во предвид уредноста и ажурираноста на трговските книги кои ги води банката. Финансиските извештаи се составени во согласност со прописите за сметководство и сметководствени стандарди.

Мислењето на Надзорниот одбор заедно со Извештајот на ревизорот да се достави до Собранието на акционери на банката.

31.03.2023 година

НАДЗОРЕН ОДБОР
ПРЕТСЕДАТЕЛ